СТОПАНСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF MACEDONIA

# ЕКОНОМСКИ ПАРАМЕТРИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА
# - КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ –

95 години 1922 - 2017

VI-MMXVII

# ВОВЕД

Политика на Европската унија (ЕУ) за проширување се однесува на односите на ЕУ со оние земји кои имаат аспирации да станат нејзини членки. Условите за членство во ЕУ се строги, при што новите членови се примени само кога тие јасно покажале дека се способни за преземање на обврските кои се поврзани за членството во ЕУ.

Постојат 35 различни поглавја, кои заедно ги дефинираат сите стандарди и правила (т.н. "acquis"), кои се поврзани со членството во ЕУ. Некои од најважните политики се однесуваат на владеењето на правото, слободата на изразување и медиумите, граѓанското општество, регионална соработка и економското управување.

Табелите, графиконите и придружните коментари во истата, како и методолошките белешки се однесуваат на социјалните и економските теми, кои податоци се собираат секоја година од земјите, преку серија на усогласени прашалници или како дел од редовното собирање на податоци за демографијата, националните сметки и меѓународната трговија од страна на Еуростат за петте земји-кандидати (Црна Гора, Македонија, Албанија, Србија и Турција) и две потенцијални кандидати (Босна и Херцеговина и Косово), како и податоци за ЕУ-28.

Податоците за десет годишниот период од 2005 до 2015 година, ме потикнаа да направам извадоци од истите за на тој начин да имаме база на податоци за земјите од Западен Балкан по дадените параметри, која ќе ни биде на располагање во секој момент за потребите на наредните активности и теми во врска со земјите од Западен Балкан, односно за земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ.

Во моментот на пишувањето не постојат податоци по сите наведени параметри во оваа публикација за 7-те наведени држави заклучно со Јуни 2017 година. Откако ќе излезат конечните податоци (при крај на годинава), публикацијата ќе биде обновена.

М-р Игор Тасевски

**Сите авторски права ги задржува Стопанската комора на Македонија**

**СОДРЖИНА:**

**1. НАСЕЛЕНИЕ**____стр.6

1.1. Стапка на активност____стр.7

1.2. Анализа на вработеноста според економската активност____стр.7

1.3.Анализа на вработувањата според работниот статус____стр.9

1.4.Стапки на невработеност____стр.10

1.5. Невработеноста кај младите на возраст од 15-24 години____ стр.12

**2. ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ**____стр.12

2.1. Бруто домашен производ (БДП) ____стр.12

2.2. БДП по глава на жител____стр.13

2.3. БДП по глава на жител изразен во куповна моќ (PPS) ____стр.14

2.4. Стапка на раст на бдп____стр.14

2.5. Компонентите на бдп по расходен модел____стр.15

2.6. Бруто додадена вредност од економската активност ____стр.17

2.7. Буџетски дефицит / суфицит____стр.19

2.8. Општ државен долг____стр.20

2.9. Потрошувачки цени____стр.22

2.10. Тековната сметка на билансот на плаќања____стр.22

2.11. Странски директни инвестиции____стр.23

**3. МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА СО СТОКИ**____стр.24

3.1. Трговски движења____стр.24

3.2. Трговски биланс____стр.25

3.3. Извоз на стоки____стр.25

3.4. Структурата на трговијата анализирана по широки групи на производи____ стр.26

3.5. Увоз____стр.27

3.6. Трговија меѓу земјите за проширување и ЕУ 28____стр.29

**4. БИЗНИС КЛИМА**____стр.31

4.1. Индекс на индустриското производство___________________________________стр.31

4.2. Цени на производителите на индустриските производи____________________стр.32

# I.НАСЕЛЕНИЕ

Во текот на периодот од 2005-2015 година, населението во Црна Гора и Македонија се зголемуваше со умерено темпо, што претставува зголемување од 1,4% и 1,7%, соодветно; ова е побавно од соодветната стапка на промена во ЕУ-28, каде што населението се зголемуваше во просек за 2,8%.

**Табела 1: Број на жители /во илјади**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 | 2015/2005 (индекс) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 494.598 | 498.300 | 502.090 | 502.965 | 505.166 | 508.504 | 102,8 |
| **Црна Гора** | 613 | 615 | 617 | 620 | 621 | 622 | 101,4 |
| **Македонија** | 2.035 | 2.042 | 2.049 | 2.057 | 2.062 | 2.069 | 101,7 |
| **Албанија** | 3.020 | 3.153 | 3.184 | 2.832 | 2.898 | 2.892 | 95,8 |
| **Србија** | 7.456 | 7.398 | 7.335 | 7.252 | 7.182 | 7.114 | 95,4 |
| **Турција** | 68.010 | 69.730 | 71.517 | 73.723 | 75.627 | 77.696 | 114,2 |
| **БиХ** | 3.843 | 3.844 | 3.844 | 3.843 | 3.832 | 3 819 | 99,4 |
| **Косово** | 2.041 | 2.127 | 2.180 | 1.794 | 1.821 | 1.772 | 86,8 |

*Извор:Eurostat*

Постои мало намалување од (- 0,6%) на бројот на населението во Босна и Херцеговина за периодот меѓу 2005 и 2015 година, додека бројот на жители се намали за 4-5% во Албанија и во Србија. Најголем пад на нивото на популацијата е забележан во Косово, каде што бројот на жители се намали за 13,2%.

**Графикон 1: Движење на бројот на жителите на земјите од Западен Балкан, одделно по години /во илјади**




*Извор:Eurostat*

## 1. СТАПКА НА АКТИВНОСТ

Стапката на активност е дефинирана, за било која возрасна група, како дел од активните лица во однос на вкупното население на иста возраст. Економски активното население, кое често се нарекува работна сила, се состои од вработени и невработени лица, но не и економски неактивни, на пример, деца, студенти и пензионери, како и луѓе кои се грижат за членовите на семејството; но сепак некои од нив можат да бидат и работоспособни.

Стапката на активност во ЕУ-28 за лица на возраст од 20-64 години е 77,1% во 2015 година (табела 1), со други зборови, нешто повеќе од три четвртини од луѓето на возраст од 20-64 годишна возраст се во работен однос или невработени (во потрага по работа), а остатокот се сметаат за економски неактивни. Стапките на активност во земјите од проширувањето генерално се многу пониски отколку во ЕУ-28.

Во 2015 година, стапката на активност помеѓу земјите од проширувањето за лицата на возраст од 20-64 се движи на високо ниво од 71,3% во Албанија, 70,2% во Македонија, до 42,8% во Косово.

Споредбата меѓу 2005 и 2015 година покажува дека стапката на активност во ЕУ-28 се зголеми за 2,8 процентни поени. Имаше многу побрз раст кај Турција, каде што стапката на активност се зголеми за 7 процентни поени (во однос на истиот период), додека стапката на промена беше малку помала од просекот на ЕУ-28 во Босна и Херцеговина (до 2,1 процентни поени; 2007-2015) и Република Македонија (до 1,7 процентни поени, исто така од 2007-2015). Спротивно на тоа, стапката на активност во Албанија (2007-2015) и Србија опадна во текот на последната деценија.

**Табела 1. Стапка на активно население од 20 - 64 години, % од вкупната популација**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 74,3 | 74,9 | 75,4 | 75,6 | 76,5 | 77,1 |
| **Црна Гора** | : | : | : | : | 65,1 | 68,5 |
| **Македонија** | : | 68,5 | 70,1 | 70,1 | 70,4 | 70,2 |
| **Албанија** | : | 72,2 | 69,6 | 75,6 | 67,6 | 71,3 |
| **Србија** | 70,1 | 67,9 | 65,4 | 64,1 | 66,1 | 68,1 |
| **Турција** | 52,9 | 52,7 | 54,5 | 57,2 | 58,4 | 59,9 |
| **БиХ** | : | 57,1 | 57,7 | 58,3 | 58,7 | 59,2 |
| **Косово** | : | : | : | : | 46,4 | 42,8 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

## 2.АНАЛИЗА НА ВРАБОТЕНОСТА СПОРЕД ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ

Услужната дејност вработува 7 од 10 лица на возраст од 15 или повеќе години од работната сила на ЕУ-28 во 2015 (графикон 2). Индустрија е втора по големина во вработувањето, со 17,3% од работната сила, додека вкупниот број на вработени во градежништвото од 6,8% и земјоделство, шумарство и рибарство од 4,5% се многу пониски. Дистрибуцијата на

вработување меѓу различните стопански дејности покажува дека релативното вработување во услужната дејност во земјите од проширувањето се генерално пониски отколку во ЕУ-28.

Црна Гора беше единствениот исклучок, каде речиси три четвртини (74,8%) од вработените работат во услужната дејност во 2015 година. Оваа бројка може да се објасни, барем делумно, со значително зголемување на туризмот и недвижностите во последните неколку години. Половина од работната сила во останатите земји од проширувањето се вработени во услужната дејност, со исклучок на Албанија, каде што нивниот уделот во овој сектор е 40,2%. Спротивно на тоа, во однос на вработеноста во земјоделството, шумарството и рибарството значително е повисоко во земјите од проширувањето отколку во ЕУ-28.

Ова е особено е изразено во Албанија, бидејќи повеќе од две петтини (41,3%) од работната сила е вработена во овие активности во 2015 година. Земјоделството, шумарството и рибарството учествуваат со вработување од околу една петтина од вкупната работна сила во Турција, Србија, Македонија, како и во Босна и Херцеговина.

Низ земјите од проширувањето, учеството на оние кои се вработени во индустријата генерално е малку повисоко од учеството забележано во ЕУ-28, за разлика од Црна Гора каде што доминира услужната економија и земјоделската доминантна економија на Албанија, така што во овие земји се регистрирани помали проценти на вработувања во индустријата за разлика од другите.

**Графикон 2: Стапка на вработеноста (лица од 15 годишна возраст и повеќе) по економска активност, 2015 година, (% од вкупните вработувања)**




*Извор:Eurostat*

Во графиконот 2 се дадени информации за развојот на вработувањата од страна на економската активност во периодот меѓу 2010 и 2015 година. Учеството на услугите во вкупната вработеност на ЕУ-28 се зголеми за 1,9 процентни поени во текот на периодот од пет

години, додека релативното учество на индустријата (- 0,3 поени), земјоделство, шумарство и рибарство (- 0,7 поени) и градежништвото (- 0,9 поени) опаднаа.

Во неколку од земјите од проширувањето, промената на вработување кон секторот на услуги е со побрзо темпо отколку во ЕУ-28; ова е особено случај во Албанија (2011-2015), Србија, Турција и Босна и Херцеговина (2012-2015). Иако имаше мало намалување на учеството на вкупниот број на вработени во услужниот сектор во Црна Гора (2011-2015), учеството остана повисоко отколку во ЕУ-28 и во 2015 година.

**Табела 2: Анализа на вработените (од 15 годишна возраст па нагоре) по економската активност, како % од вкупната популација**

| | Земјоделство,шумарство и риболов | | Индустрија | | Градежништво | | Услуги | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2015** | **2010** | **2015** | **2010** | **2015** | **2010** | **2015** |
| **ЕУ-28** | 5,2 | 4,5 | 17,6 | 17,3 | 7,7 | 6,8 | 69,5 | 71,3 |
| **Црна Гора** | 5,6 | 7,7 | 13 | 10,8 | 6 | 6,6 | 75,5 | 74,8 |
| **Македонија** | 18,8 | 17,9 | 23,8 | 23,5 | 6,2 | 7,1 | 51,2 | 51,6 |
| **Албанија** | 45,4 | 41,3 | 10,6 | 11,6 | 8,2 | 6,9 | 35,7 | 40,2 |
| **Србија** | 22,2 | 19,4 | 21 | 19,9 | 5 | 4,5 | 51,8 | 56,2 |
| **Турција** | 25,2 | 20,6 | 19,9 | 20 | 6,3 | 7,2 | 48,6 | 52,2 |
| **БиХ** | 20,6 | 17,9 | 21,5 | 22,1 | 8,9 | 7,5 | 49 | 52,5 |
| **Косово** | 4,7 | 2,3 | 19,4 | 18,9 | 9,7 | 9,6 | 66,3 | 69,1 |

*Извор:Eurostat*
(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

## 3. АНАЛИЗА НА ВРАБОТУВАЊАТА СПОРЕД РАБОТНИОТ СТАТУС

Нешто повеќе од еден на секои седум лица во вработувањата во ЕУ-28 во 2015 година е самовработен или семеен работник (графикон 3); поголемиот дел 84,8% од работната сила се редовно вработени. Релативниот удел на самовработени и семејни работници во вкупната вработеност во ЕУ-28 е релативно стабилен, со тенденција постепено да опаѓа во текот на периодите на економски раст или маргинално да се зголеми во време на рецесии или депресии (на пример, во екот на глобалната финансиска и економска криза во 2009 и 2010 година).

Структурата на вработеноста од работниот однос се сосема различни во најголем дел во земјите од проширувањето. Всушност, бројот на само-вработените и семејните работници изнесува повеќе од половина (58,0%) во Албанија во 2015 година, блиску до една третина во Турција 31,5%, и над една четвртина во Косово 29,1%, Србија 27,5% и Македонија 25,3%.

Овие релативно високи проценти ја објаснуваат, до одреден степен, релативната тежина на земјоделските активности во секоја од земјите од проширувањето, со тековно проширување/основање на бројни мали, семејни фарми или земјоделски задруги.

Спротивно на тоа, структурата на вработеноста во Црна Гора е слична на ЕУ-28, како и учеството на самовработените и семејни работници во вкупната вработеност е 20,2% во 2015 година, иако за разлика од ЕУ -28, овој удел се зголемил во 2014 и 2015 година.

**Графикон 3: Стапка на вработеност (лица од 15 – 64) по работен статус, 2015 година (% од вкупната вработеност)**




*Извор:Eurostat*

## 4.СТАПКИ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Статистичките податоци за невработеност се врз основа на дефиницијата на Меѓународната организација на трудот (МОТ), каде постојат три критериуми: да се биде без работа, активно да се бара работа, и да се биде достапен за работа. Невработено лице е дефинирано од страна на Еуростат, како:

• лице на возраст од 15-74 години;

• без работа за време на референтна недела;

• да започне со работа во текот на следните две недели (или веќе да најде работа и да започне во текот на следните три месеци);

• активно да бара вработување во некој период во текот на последните четири недели.

Во 2015 година, стапката на невработеност во ЕУ-28 (за лица на возраст од 15-74 години) изнесува 9,4% (графикон 4). Највисока стапка на невработеност во земјите од проширувањето, е забележана во Косово, каде што само помалце од една третина 32,9% од работната сила е без работа во 2015 година. Релативно високи стапки на невработеност се забележани и во Босна и Херцеговина 27,9% и Македонија 26,1%. Стапката на невработеност во земјите од проширувањето се исто така над просекот на ЕУ-28,  во рамките на опсег од 17-18%, со исклучок на Турција, каде што последната стапка на невработеност 10,3% е многу поблиску до ЕУ-28.

Најголемо  намалување на економската активност, како резултат на глобалната финансиска и економска криза, е регистрирано во 2009 година, и продолжува да се зголемува во 2010 година и понатаму.

Всушност, годишна стапка на невработеност во ЕУ-28 се зголеми од ниското ниво од 7% во 2008 година до 10,8% во 2013 година (табела 3). Сепак, во 2014 и 2015 година имаше намалување од само 0,6 и 0,8 процентни поени.

Спротивно на тоа, состојбата кај земјите од проширувањето се различни. На почетокот на кризата (во периодот помеѓу 2008 и 2009), стапката на невработеност се зголеми во сите земји со исклучок на Косово и на Македонија; всушност Република Македонија забележа пад на стапката на невработеност, секоја година во периодот меѓу 2005 и 2015 година.Во Црна Гора, стапката на невработеност се стабилизира во периодот меѓу 2010 и 2012 година, а потоа опадна, додека во Србија го достигна својот врв во 2012 година, а потоа опадна; во Босна и Херцеговина е забележан сличен развој, со највисока стапка на невработеност во 2012 година, потоа проследена со пад, но во 2015 година стапката повторно се зголеми.

Во Албанија и Турција настаните се посложени: во Турција стапката на невработеност падна на најниско ниво во 2012 година, пред повторно зголемување во текот на 2015 година; во Албанија, невработеноста порасна во 2009 година, а потоа беше проследена со мал пораст и стабилност во 2010 и 2011 година, за на крај да резултира со неправилна секвенца на намалување и зголемување на стапката на невработеност, што резултираше со повисока вкупната стапка на невработеност во 2015 година.

**Графикон 4: Стапка на невработеност (лица од 15-74), 2005, 2010 и 2015 година како % од работната сила**




*Извор:Eurostat*

**Табела 3: Стапка на невработеност на лица од 15 - 74 години како % од работоспособното население**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 8,9 | 7,1 | 8,9 | 9,6 | 10,8 | 9,4 |
| **Црна Гора** | 30,3 | 19,3 | 19,1 | 19,7 | 19,5 | 17,5 |
| **Македонија** | 37,3 | 34,9 | 32,2 | 31,4 | 29 | 26,1 |
| **Албанија** | 14,1 | 13,5 | 13,8 | 14 | 15,9 | 17,1 |
| **Србија** | 20,8 | 18,1 | 16,1 | 22,9 | 22,1 | 17,6 |
| **Турција** | 9,3 | 8,9 | 12,7 | 8,8 | 8,8 | 10,3 |
| **БиХ** | 43,9 | 29,7 | 24,1 | 27,6 | 27,6 | 27,9 |
| **Косово** | 41,4 | 43,6 | 45,4 | : | 30 | 32,9 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

### 5. НЕВРАБОТЕНОСТА КАЈ МЛАДИТЕ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ОНИЕ НА ВОЗРАСТ ОД 15-24 ГОДИНИ

Околу една петтина (20,4%) на оваа суб-популација во ЕУ-28 беше без работа во 2015 година, во споредба со 21,4% во 2010 година (каде невработеноста се зголеми во текот на финансиската и економска криза) и 19% во 2005 година. Невработеноста на оваа група во ЕУ-28 е повеќе од двапати поголема од вкупната стапка на невработеност за оние на возраст од 15-74 години, со разлика од 11 процентни поени меѓу овие две стапки во 2015 година.

Турција е единствената земја од проширувањето каде стапката на невработеност кај младите 18,4% беше пониска од просекот на ЕУ-28 во 2015 година. Во останатите земји од проширувањето, повеќе од една третина од оние на возраст помала од 25 години од работната сила биле без работа: во Црна Гора 37,6% и Албанија 39,8%, повеќе од две петтини во Србија 43,2% и Македонија 47,3%, повеќе од половина млади луѓе во Косово 57,7%, и над три петтини во Босна и Херцеговина 62,3%. Разликата меѓу младите и вкупната стапка на невработеност во Турција е значително помала од 8,1 процентен поени.

## II.ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ

**1.БРУТО ДОМАШНИОТ ПРОИЗВОД (БДП)** по тековни цени во ЕУ-28 изнесува 14.693 милијарди евра во 2015 година. Економското производство на земјите од проширувањето е значително помало, бидејќи сите заедно генерираа околу 722 милијарди евра од БДП во 2015 (2014 податоци за Косово), што е еквивалентно на околу една дваесеттина од БДП на ЕУ-28 (табела 4).

**Табела 4: БДП 2005-2015 во милијарди евра**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 11.590,30 | 12.983,20 | 12.295,30 | 13.189,20 | 13.560,80 | 14.693 |
| **Црна Гора** | : | : | : | 3,3 | 3,4 | 3,6 |
| **Македонија** | 5 | 6,1 | 6,8 | 7,5 | 8,1 | 9,1 |
| **Албанија** | 6,5 | 7,8 | 8,7 | 9,3 | 9,6 | 10,3 |
| **Србија** | 21,1 | 29,5 | 30,7 | 33,4 | 34,3 | 33,5 |
| **Турција** | 386,9 | 472 | 440,4 | 555,1 | 618,6 | 654,4 |
| **БиХ** | 10,3 | 11,5 | 12,7 | 13,4 | 13,7 | 14,6 |
| **Косово** | : | : | 4,1 | 4,8 | 5,3 | 5,6 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

Турската економија е најсилна меѓу земјите од проширувањето, бидејќи нејзиниот БДП се зголеми на 645 милијарди евра во 2015 година, кој беше речиси девет десетини од вкупното производство во сите земји на проширување. Додека економија во ЕУ-28 беше повеќе од 20 пати поголема од турската економија, БДП на Турција изнесуваше речиси 20 пати повисок од Србија (34 милијарди евра во 2015 година), кој е втор по големина меѓу земјите од проширувањето. Нивото на БДП во земјите од проширувањето се движи од 14,6 милијарди евра во Босна и Херцеговина до 3,6 милијарди евра во Црна Гора.

**2.БДП ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ** по тековни цени на еврото изнесуваше 28.800 евра во ЕУ-28 во 2015 година кој е 3,5 пати поголем во однос на Турција. Во споредба со другите земји, БДП по глава на жител во ЕУ-28 е 8 пати поголем од Албанија и 9,3 пати повисок од тој на Косово (2014 податоци).

БДП по глава на жител се зголеми во ЕУ-28 од 23.400 евра до 28.800 евра во периодот меѓу 2005 и 2015 година, што е еквивалентно на вкупен пораст од 23%. Меѓу земјите од проширувањето, Турција забележа највисок БДП по глава на жител со раст од 48% во текот на периодот 2005-2015 година и достигна 8.300 евра. Споредбата помеѓу 2005 и 2015 година покажува дека БДП по глава на жител во евра се зголеми особено брзо во Србија, Албанија и Македонија, со просечна стапка на раст помеѓу 68% и 76%. Овие бројки се во услови на сегашни цени.

**Табела 5: БДП по глава на жител / во евра**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 23.400 | 26.000 | 24.500 | 26.100 | 26.700 | 28.800 |
| **Црна Гора** | : | : | : | 5.300 | 5.400 | 5.800 |
| **Македонија** | 2.500 | 3.000 | 3.300 | 3.700 | 3.900 | 4.400 |
| **Албанија** | 2.100 | 2.600 | 3.000 | 3.200 | 3.300 | 3.600 |
| **Србија** | 2.800 | 4.000 | 4.200 | 4.600 | 4.800 | 4.700 |
| **Турција** | 5.600 | 6.700 | 6.100 | 7.500 | 8.200 | 8.300 |
| **БиХ** | 2.700 | 3.000 | 3.300 | 3.500 | 3.600 | 3.800 |
| **Косово** | : | : | 1.900 | 2.700 | 2.900 | 3.100 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е премногу мала за да биде прикажана

**Графикон 5: БДП по глава на жител изразен во куповна моќ, 2005 и 2015**




*Извор:Eurostat*

**Не постои податок за Црна Гора за 2005 година.*

***Не постојат достапни податоци за Косово.*

**3. БДП ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ ИЗРАЗЕН ВО КУПОВНА МОЌ (PPS)**, е двојно повисок во ЕУ-28 споредбено со Турција, во која е објавена највисока стапка меѓу земјите од проширувањето, на 14.400 PPS (2014 податоци). Имаше релативно низок степен на варијација помеѓу останатите земји од проширувањето, каде што БДП по глава на жител се движи во опсег од 7.800 PPS до 11.900 PPS.

Нивото на цените се повисоки во ЕУ-28 од земјите од проширувањето. Во 2005 година и врз основа на информациите во услови на PPS, БДП по глава на жител во ЕУ-28 е меѓу 2,5 пати повисок од Турција и 4,6 пати повисок од Албанија.

До 2015 година овие разлики се намалија, каде БДП по глава на жител во ЕУ-28 се движи помеѓу 2 пати повисок од Турција и 3,7 пати повисок од Босна и Херцеговина. Споредбата меѓу 2005 и 2015 година открива дека овие стапки (во однос на ЕУ-28) се стеснија за секоја од земјите од процесот на проширување.

## 4. СТАПКА НА РАСТ НА БДП

Глобалната економска криза, значително се разви во втората половина на 2008 година. Таа ја погоди ЕУ-28 и повеќето земји за проширување на ЕУ (табела 6).

БДП се намали од 4,4% во ЕУ-28 во 2009 година, со раст на активностите во 2010 и 2011 година. Ефектите од кризата се уште се чувствуваа во неколку земјите членки на ЕУ и во 2012 и 2013 година и тоа е јасно зошто имаше мал пад (- 0,5%) во БДП на ЕУ-28 во 2012 година, проследено со скромен пораст од 0,2% во 2013 година. Спротивна насока од негативната доби во 2014 година, кога реалниот раст на БДП изнесуваше 1,5%, и зголемување за 2,2% во 2015 година.

Влијанието на кризата врз земјите за проширување варираа во зависност од економската структура на секоја земја и природата на финансиските и меѓународните трговски односи со остатокот од светот. Оние земји кои се интегрирани во глобалната економија, имаат тенденција да бидат најмногу погодени: на пример, имаше релативно голема контракција на економската активност во Турција во 2009 година (намалување од 4,8%). Од друга страна, во некои од помалите економии кои се помалку изложени на глобалната економија - на пример, Албанија или Косово - реалниот раст на БДП продолжува да следи позитивен развој во 2009 година.

**Табела 6: Реална промена во БДП 2005-2015, во % спореден со претходните години**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 2,10 | 3,00 | -4,40 | 1,70 | 0,20 | 2 |
| **Црна Гора** | : | : | : | : | 3,5 | 3,4 |
| **Македонија** | 4,7 | 6,5 | -0,4 | 2,3 | 2,9 | 3,7 |
| **Албанија** | 5,5 | 6 | 3,4 | 2,5 | 1 | 2,8 |
| **Србија** | 5,5 | 5,9 | -3,1 | 1,4 | 2,6 | 0,8 |
| **Турција** | 8,4 | 4,7 | -4,8 | 8,4 | 4,8 | 4 |
| **БиХ** | 3,9 | 6 | -2,7 | 1 | 2,5 | 1,1 |
| **Косово** | : | : | 3,6 | 4,4 | 3,4 | 1,2 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

Во 2013 година, имаше враќање на растот на реалниот БДП во сите земји од проширувањето кој продолжи и во 2014 година, со исклучок на Србија, каде што БДП се намали за 1,8%. Податоците за 2015 се достапни за пет од земјите од проширувањето, од кои сите имаат реален раст на БДП, кој се движи од 0,8% во Србија до 4% во Турција.

Гледајќи ги случувањата за реалниот БДП во периодот меѓу 2005 и 2015 година, имаше севкупен раст од 9,9% во економските активности од ЕУ-28. Стапките на раст на БДП во земјите од проширувањето беа многу повисоки, со просечен раст од 16,1% во Србија до 45,1% во Турција, со Босна и Херцеговина (62,6%, 2005-2014) над овој просек.

## 5. КОМПОНЕНТИТЕ НА БДП ПО РАСХОДЕН МОДЕЛ

Графиконот 6 дава една слика за компонентите на БДП од расходната страна. Финалната потрошувачка придонела за 76,9% од БДП на ЕУ-28 во 2015 година, додека учеството на бруто-инвестициите беше 19,8%, и имаше трговски суфицит со стоки и услуги кои придонесоа 3,3% од БДП (извоз со 43,8% од БДП, додека увозот со 40,5% учество во БДП).

Низ секоја од земјите од проширувањето, нивното релативно учество на расходите за финалната потрошувачка е повисоко отколку во ЕУ-28, во голема мера како резултат на зголемената приватна потрошувачка на домаќинствата, додека потрошувачката на владата беше обично пониска. Во 2015 година, финалната потрошувачка во земјите од проширувањето беше помеѓу 84,8% од БДП во Турција, а повеќе од 100% во Босна и Херцеговина (податоци од 2013 година)). Неколку од земјите од проширувањето со тенденција за да се инвестира сличен удел од БДП отколку во ЕУ-28, иако Македонија, Албанија (2014 податоци) и Косово (2014 податоци) објавија повисоки придонеси во БДП од бруто-инвестициите. Секоја од земјите на

проширување има негативен трговски биланс: додека трговскиот вишок на ЕУ-28 беше еднаков на 3,3% од БДП во 2015 година, меѓу земјите од проширувањето, трговскиот дефицит се движи од 2,9% од БДП во Турција до 31% од БДП во Косово (2014 податоци).

Промената во периодот меѓу 2005 и 2015 година во структурата на расходните компоненти на БДП се прикажани во табела 7. Во рамките на ЕУ-28, учеството на трошоците на финалната потрошувачка се намали за 0,8 процентни поени, а кај бруто-инвестициите е намалено за 1,8 процентни поени. Спротивно на тоа, трговскиот биланс на ЕУ-28 придонесе за зголемување на на учеството во БДП, за 2,6 процентни поени, а трговскиот суфицит се зголеми од 0,7% на 3,3%.

Имаше многу поголеми промени во структурата на БДП во земјите од проширувањето, кои барем делумно можат да се објаснат со релативно мала големина. Република Македонија беше единствената земја - меѓу пет за кои се расположливи податоци во временската серија - да пријави дека учеството на инвестициите во БДП, во периодот меѓу 2005 и 2015 година, се зголеми од 11,3 процентни поени (од 19,8% во 2005 год, на 31,1% во 2015 година).
Во преостанатите четири земјите од проширувањето имаше пад на учеството на бруто-инвестициите, најголем е регистриран во Албанија - 11,1 процентни поени во периодот меѓу 2005 и 2014 година.

**Графикон 6: Расходен модел на БДП, 2015 ( % релативен на БДП)**




*Извор:Eurostat*

**Табела 7: Трговски дефицит од БДП 2005 и 2015, во % релативен на БДП**

| | Трошоци на финална потрошувачка | | Бруто инвестиции | | Трговски биланс | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2015** | **2010** | **2015** | **2010** | **2015** |
| **ЕУ-28** | 77,7 | 76,9 | 21,6 | 19,8 | 0,7 | 3,3 |
| **Црна Гора** | : | 98,6 | : | 20 | : | -18,6 |
| **Македонија** | 96,4 | 85,1 | 19,8 | 31,1 | -16,2 | -16,2 |
| **Албанија** | 88 | 93 | 37,9 | 26,8 | -24,9 | -19 |
| **Србија** | 95,2 | 90,9 | 24,8 | 18,9 | -20 | -9,7 |
| **Турција** | 83,5 | 84,8 | 20 | 18,1 | -3,5 | -2,9 |
| **БиХ** | 112,4 | 102,8 | 26,3 | 17 | -38,7 | -19,8 |
| **Косово** | : | 105,2 | : | 25,8 | : | -31 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

Трговскиот дефицит, како дел од БДП, во периодот меѓу 2005 и 2015 година, намален е во сите, освен во една од земјите кандидати. Исклучок беше Република Македонија, со дефицит од - 16,2% од БДП. Босна и Херцеговина забележа најбрзо намалување на големината на трговскиот дефицит, од - 38,7% од БДП на - 19,8% во периодот меѓу 2005 и 2015 година.
За развојот на расходите на финална потрошувачка во земјите кандидати: во периодот меѓу 2005 и 2015 година имаше зголемување во нејзиното релативно учество во БДП во Албанија (2005-2014) и во Турција, додека трите други земји регистрираа пад на нивното учество на трошоците за финалната потрошувачка во БДП, од кои најголема е во Република Македонија (11,3 процентни поени во периодот меѓу 2005 и 2015 година).

## 6.БРУТО ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ

Во 2015 година, услугите изнесуваа речиси три четвртини (73,9%) од вкупно бруто-додадената вредност во ЕУ-28 (графикон 7). Овој процент е повисок отколку во која било од земјите кандидати, каде што релативното учество на услугите се движи од 52,5% (Албанија) до 72,7% во (Црна Гора).

Графиконот 7, исто така, покажува дека земјоделството, шумарството и рибарството изнесува значително поголем удел од економското производство во земјите кандидати, отколку во ЕУ-28. Во 2015 година, земјоделството, шумарството и рибарството придонесоа 1,5% од вкупната додадена вредност на ЕУ-28, додека уделот меѓу земјите од проширувањето се движи од 7,3% во Босна и Херцеговина до 14,3% во Косово (2014 податоци) и 22,1% во Албанија.

На страната од Србија, каде индустрија изнесува нешто повеќе од една четвртина (25,9%) од вкупната додадена вредност во 2015 година, најголем дел од земјите кандидати објавија дека индустриското учество во додадената вредност, беше блиску како во ЕУ-28, просечно од 19,2%

Два главни исклучоци каде што учеството на индустријата е релативно ниско се Албанија со 14,6% и Црна Гора со 12,9%.

Во 2015 година, учеството на градежништвото во вкупната додадена вредност е под просекот на ЕУ-28 од 5,4% во Црна Гора, во Босна и Херцеговина (4,6%), како и во Турција од (5%). Учеството на изградбата беше над просекот на ЕУ-28 во останатите земји кандидати; ова е особено јасно во Албанија, каде што на градежниот сектор отпаѓаат повеќе од една десетина (10,8%) од вкупната додадена вредност.

**Графикон 7: Анализа на бруто додадената вредност по економска активност, 2015 (% од вкупната бруто додадена вредност)**




*Извор:Eurostat*

**Табела 8: Анализа на бруто додадената вредност по економска активност, 2005 и 2015 (% од вкупната бруто додадена вредност)**

| | Земјоделство,шумарство и риболов | | Индустрија | | Услуги | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2015 | 2010 | 2015 | 2010 | 2015 |
| ЕУ-28 | 1,7 | 1,5 | 26,2 | 24,6 | 72,1 | 73,9 |
| Црна Гора | : | 9,8 | : | 17,5 | : | 72,7 |
| Македонија | 11,3 | 11,4 | 23,8 | 26,6 | 64,9 | 62 |
| Албанија | 21,5 | 22,1 | 28,6 | 25,4 | 49,9 | 52,5 |
| Србија | 12 | 8,2 | 29,3 | 31,4 | 58,7 | 60,4 |
| Турција | 10,6 | 8,5 | 28 | 26,5 | 61,4 | 65 |
| БиХ | 9,9 | 7,3 | 25,6 | 26,5 | 64,5 | 66,2 |
| Косово | : | 14,3 | : | 26,7 | : | 59 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

Релативната важност на услугите на економиите за проширување на ЕУ, се зголеми во периодот меѓу 2005 и 2015 година во четири од петте земји за кои се расположливи податоци

(табела 8). Најголем пораст е забележан во Турција, каде што релативното учество на услугите во вкупната додадена вредност се зголеми за 3,6 процентни поени. Релативниот удел на земјоделството, шумарството и рибарството во вкупната додадена вредност опадна со прилично брзо темпо во Турција, Босна и Херцеговина (2006-2015) и Србија, додека учеството на индустријата и градежништвото опадна брзо во Албанија.

## 7. БУЏЕТСКИ ДЕФИЦИТ / СУФИЦИТ

Глобалната финансиска и економска криза резултираше со сериозни предизвици кои се поставени на многу европски влади. Главните забелешки се поврзани со способноста на националните администрации да бидат во можност да ги сервисираат отплатите на нивните долгови, да ги преземат неопходните мерки за да се осигура дека нивната јавна потрошувачка е ставена под контрола, а во исто време се обидуваат да промовираат економскиот раст.

Во рамките на ЕУ, беше воведен мултилатерални економски надзор преку Пактот за стабилност и раст (SGP), со кој се обезбедува координација на фискалната политика. Според критериумите од Мастрихт од 1990-тите и подоцна со условите на SGP, земјите-членки ветија дека дефицитот на нивната влада нема да надмине 3% од БДП, додека нивниот долг нема да надмине 60% од БДП. Од земјите-членки на ЕУ се побара да доставуваат и да и обезбедат на Европската комисија статистички податоци за нивниот општ владин дефицит и државнен долг, пред 1 април и 1 октомври секоја година. Од октомври 2014 година, од земјите-кандидатки (но не и потенцијални кандидати), исто така беше побарано да ги достават тие податоци до Еуростат во наведениот временски термин.

Општиот владин дефицит / суфицит се однесува на нето задолжување / нето кредитирање во текот на една година од страна на централната и локалната власт, како и фондовите за социјално осигурување. Во 2015 година, просечниот општ владин дефицит во рамките на ЕУ-28 изнесуваше - 2,4% од БДП.

Три од земјите за проширување (без информации за Косово), имаа јавни дефицити поизразени од просекот регистриран за ЕУ-28, и тоа најголемата е - 4% од БДП во Албанија (графикон 8). Спротивно на тоа, три други земји за проширување, објавија општ државен суфицит во 2015 година, а највисокиот од нив е забележан во Црна Гора (7,7%  во однос на БДП).

**Графикон 8: Вкупен буџетски дефицит/суфицит релативен на БДП, 2015 (% од БДП)**




*Извор:Eurostat*

Глобалната финансиска и економска криза предизвика остар пад во јавните финансии преку Европа, па некои земји продолжуваат да се борат за да се намали дефицитот. Просечниот општ владин дефицит на ЕУ-28 беше - 6,7% од БДП во екот на кризата во 2009 година, но потоа дефицитот се намали во текот на шесте последователни години.

Пред кризата, во 2007 година, три од земјите од проширувањето Албанија, Србија и Турција имааа дефицит, додека другите три за кои има достапни податоци (без информации за Косово) објавија вишоци помеѓу 0,6% од БДП во Република Македонија, и 6,3% од БДП во Црна Гора (табела 9). Оваа ситуација се промени нагло во 2008 година, со почетокот на економска криза, каде сите земји-кандидати регистрираа дефицит, модел кој продолжи и во 2009 година, па дефицитот на јавниот сектор во однос на БДП се прошири. Помеѓу 2009 и 2012 година, секоја од земјите продолжува да регистрира дефицит, иако во 2013 и 2014 година, ситуацијата малку се промени, додека Турција објави вишоци.

Во 2015 година, Турција повторно објави државен суфицит, како и во Босна и Херцеговина и Црна Гора.

**Табела 9: Вкупен буџетски дефицит/суфицит релативен на БДП, 2005-2015 (% од БДП)**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | -2,50 | -0,90 | -6,70 | -4,50 | -3,30 | -2,4 |
| **Црна Гора** | -2 | 6,3 | -5,4 | -5,2 | -2,3 | 7,7 |
| **Македонија** | 0,2 | 0,6 | -2,6 | -2,5 | -3,9 | -3,5 |
| **Албанија** | -3,5 | -3,5 | -7,1 | -3,5 | -5 | -4 |
| **Србија** | 1,1 | -1,9 | -4,4 | -4,8 | -5,5 | -3,8 |
| **Турција** | -1,2 | -1,5 | -6,5 | -0,8 | 0,2 | 1,7 |
| **БиХ** | 2,3 | 1,1 | -4,3 | -1,2 | -2,2 | -3,5 |
| **Косово** | : | : | : | : | : | : |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

## 8. ОПШТ ДРЖАВЕН ДОЛГ

Државниот долг на владата е бруто-долгот неподмирен на крајот на годината на владиниот сектор мерен по номинална вредност; со други зборови, тоа е акумулиран вкупен долг (преку годината). Во 2015 година, долгот на Владата за ЕУ-28 во однос на БДП беше 85,2%.

Овој индикатор беше понекогаш понизок во земјите на проширувањето: Косово има најнизок долг во однос на БДП (12,9%); Турција, Македонија и Босна и Херцеговина имаат стапки кои се движат од нешто повеќе од 30% до нешто повеќе од 40%; во другите земји за проширување индикаторите на долг биле над 50%, а искачувајќи се на 76,4% во Србија.

Долгот на владите во рамките на ЕУ-28 изнесуваше 57,8% во 2007 година и се зголемуваше секоја година до максимум од 86,8% во 2014 година, пред да падне на 85,2% во 2015 година (табела 10). Во 2007 година, пред почетокот на економската криза, односот на државниот долг

во однос на БДП во земјите од проширувањето се движи од 18,1% во Босна и Херцеговина, 53,4% во Албанија; (имајте во предвид дека Косово нема извештаи за долгот пред 2009 година). По почетокот на кризата во 2008 година, државниот долг во однос на БДП се зголеми во три од земјите од проширувањето и во 2009 година овој модел на негативен соодност се прошири и се зголеми во секоја од земјите од процесот на проширување.

Споредбата помеѓу нивото на државниот долг во 2005 година и 2015 година покажува дека учеството на долгот во БДП беше 23,4 процентни поени повисок во 2015 година во ЕУ-28; сличен модел е забележан во Црна Гора 24,7 процентни поени и Србија 27,7 процентни поени. Спротивно на тоа, слични нивоа на долг (како процент од БДП) се регистрирани во 2005 и 2015 година во Македонија, а во Турција се намали од 55,2% на 31,3%.

**Графикон 9: Вкупен државен консолидиран бруто долг релативен на БДП, 2015, (% од БДП)**




*Извор:Eurostat*

**Табела 10: Вкупен државен консолидиран бруто долг релативен на БДП, 2005 - 2015, (% од БДП)**

| | 2005 | 2007 | 2009 | 2011 | 2013 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 61,80 | 57,80 | 73,00 | 81,00 | 85,50 | 85,2 |
| **Црна Гора** | 38,6 | 27,5 | 38,2 | 46 | 58 | 63,3 |
| **Македонија** | 36,7 | 23,5 | 23,6 | 27,7 | 34 | 38 |
| **Албанија** | 57,4 | 53,4 | 59,7 | 59,4 | 70,4 | 72,5 |
| **Србија** | 48,7 | 30,1 | 32,1 | 47 | 61,1 | 76,4 |
| **Турција** | 55,2 | 41,3 | 45,7 | 37 | 31,1 | 31,3 |
| **БиХ** | 24,9 | 18,1 | 25,2 | 32,8 | 37,7 | 41,9 |
| **Косово** | : | : | 5,9 | 5,3 | 9 | 12,9 |

*Извор:Eurostat*
(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

## 9. ПОТРОШУВАЧКИ ЦЕНИ

Сите ставки од хармонизираниот индекс на потрошувачките цени останаа на релативно ниско ниво, во рамките на ЕУ, во периодот од 2005-2015 година. Стапката на годишното зголемување на цените достигна 3,7% во 2008 година, иако ефектите од глобалната финансиска и економска криза предизвика да брзиот пад на цените се зголеми во 2009 година, кога беше забележано релативно ниско ниво од 1%. Потоа, цените во ЕУ-28 се зголемија за 2,1% во 2010 година и 3,1% во 2011 година, пред да темпото на зголемување на цените се забави и на крајот дојде до застој во 2015 година, кога немало промена на потрошувачките цени.

Зголемувањето на трошоците на животот во земјите од проширувањето во текот на периодот од 2005-2015 година обично е повисоко од оние кои се евидентирани во рамките на ЕУ-28; ова може, барем делумно, да се препише на дерегулацијата на цените кои порано биле дел од процесот на либерализација, преземен во неколку економии од проширувањето.
По релативниот пик во 2008 година, во поголемиот дел од земјите од проширувањето, цените паднаа или пораснаа со релативно бавно темпо во 2009 година, пред забрзување на некој начин во 2010 и 2011 година, а потоа се вратија на поскромен раст или пад во 2013-2015 година.

Најновите достапни информации за секоја од земјите од проширувањето покажуваат дека зголемувањето на трошоците на животот во 2015 година останаа едноцифрени.

Турција од 7,7% продолжи да прикажува зголемување на цените, кои беа повисоки од оние кај другите земји, каде зголемувањето на цените достигна 2% во Албанија и 1,9% во Србија; за Србија ова е најнизок пораст во периодот и е во спротивност со релативно високи зголемувања на цените кои се прикажани до 2013 година. Скромно намалување на цените се евидентирани во Република Македонија, Косово и Босна и Херцеговина во 2015 година.

## 10. ТЕКОВНАТА СМЕТКА НА БИЛАНСОТ НА ПЛАЌАЊА

Во 2015 година ЕУ-28 забележа позитивен биланс за стоки и услуги, додека сите земји од проширувањето објавија негативен биланс за стоки, а позитивен биланс за услугите. Големината на дефицитот на тековната сметка за стоки беше релативно голем во повеќето од земјите од проширувањето, достигнувајќи - 37% од БДП во Косово (2014 податоци) - 40,4% од БДП во Црна Гора. За разлика од тоа, Црна Гора забележа најголем суфицит во тековната сметка за услуги (21,8% од БДП), главно како резултат на приходи од туристичкиот сектор.

ЕУ-28 пројави мал негативен биланс за примарниот и секундарниот приход, во однос на БДП
(- 0,3% и - 0,5%, соодветно).Спротивно на тоа имаше позитивен биланс за тековните трансфери во секоја од земјите од проширувањето; Овие вклучуваат, на пример, дознаки на работниците, донации, помош за развој и даночни плаќања.

**Табела 11: Тековна сметка по компоненти за 2015 година**

| | Добра | Услуги | Примарен приход | Секундарен приход / дознаки |
|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 0,9 | 1 | -0,3 | -0,5 |
| **Црна Гора** | -40,4 | 21,8 | 2,6 | 2,7 |
| **Македонија** | -20,1 | 3,8 | -2,5 | 17,4 |
| **Албанија** | -22,4 | 5,1 | -1 | 7,5 |
| **Србија** | -11,9 | 2,2 | -5 | 10 |
| **Турција** | -6,7 | 3,4 | -1,3 | 0,2 |
| **БиХ** | -26 | 7,3 | 0,5 | 12,5 |
| **Косово** | -37 | 6 | 2 | 21,1 |

*Извор:Eurostat*

## 11. СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ (СДИ)

Инвестициите во странство од ЕУ-28 (во земји кои не се членки) изнесуваа 96 милијарди евра во 2015 година, а странските инвестиции во ЕУ-28 од земји - нечленки се во вредност од 119 милијарди евра; имајќи во предвид дека имаше пресек во серијата со новата методологија која беше имплементирана. ЕУ традиционално е нето надворешен инвеститор на странски директни инвестиции: сепак, во 2015 година ЕУ беше нето-примател на странски директни инвестиции, во вредност од 22,9 милијарди евра (табела 12).

Секоја од земјите од проширувањето, исто така, покажаа приливи на СДИ на повисоко ниво од одливите; тоа беше случај и во 2005 и 2015 година. Заедно земјите од проширувањето имаа влез, на споено ниво, на странски инвестиции во вредност од 19,6 милијарди евра во 2015 година. Турција беше далеку најголем корисник, вредносно за повеќе од три четвртини 77,7% од овој влез на СДИ меѓу земјите од процесот на проширување. Нивото на излезот на СДИ од земјите за проширување е значително помало.

Всушност, некои од земјите од проширувањето забележаа негативни текови во излезот на СДИ, со други зборови, дезинвестирање, што се случува кога претходните инвестиции се повлечени од странските претпријатија. Во апсолутна смисла, единствен значаен надворешен проток на СДИ од земја на проширувањето се однесува на СДИ во странство од Турција, кои се во вредност од 4,6 милијарди евра во 2015 година.

Во се повеќе глобализираниот свет не е за изненадување да се најде дека имало значително зголемување на вредноста на СДИ во текот на последните 10 години, период за кој се расположливи податоци. Имаше брз раст на вредноста на влезните СДИ во поголемиот дел од земјите од проширувањето, со исклучок на Босна и Херцеговина, каде што нивото на влезните СДИ бил приближно ист во 2015 година, како што бил во 2005 година. Спротивно на тоа, влезот на СДИ во Република Македонија, Косово и Албанија се две до четири пати на повисоко ниво во 2015 година, од истото во 2005 година.

**Табела 12: СДИ, текови во 2005 и 2015**

| | Прилив на СДИ | | Одлив на СДИ | | Нето прилив | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2005 | 2015 | 2005 | 2015 | 2005 | 2015 |
| **ЕУ-28** | 129.714 | 118.944 | 239.880 | 96.071 | -110.166 | 22.872 |
| **Црна Гора** | 403 | 630 | 4 | 11 | 399 | 619 |
| **Македонија** | 77 | 157 | 2 | -14 | 75 | 171 |
| **Албанија** | 213 | 890 | 3 | 72 | 209 | 818 |
| **Србија** | 1.268 | 2.114 | 18 | 310 | 1.250 | 1.804 |
| **Турција** | 8.063 | 15.233 | 855 | 4.591 | 7.208 | 10.642 |
| **БиХ** | 282 | 264 | 0 | 43 | 282 | 221 |
| **Косово** | 108 | 324 | 0 | 37 | 108 | 287 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

## III.МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА СО СТОКИ

Трговските односи меѓу ЕУ и земјите од проширувањето се дизајнирани за отстранување или намалување на царинските тарифи во билатералната трговија и за оваа намена се постигнати специфични договори за стабилизација и асоцијација со шест земји од проширувањето; Република Македонија (2004), Албанија (2006), Црна Гора (2010), Србија (2013), Босна и Херцеговина (2015) и Косово (2016 година). Трговските односи на ЕУ со Турција се поинакви, бидејќи Турција уште од крајот на 1995 година е член на царинската унија, со која се елиминираа сите царински давачки во билатералната трговија и воспостави заеднички царински тарифи што се однесува до увозот.

### 1.ТРГОВСКИ ДВИЖЕЊА

Во 2015 година, вкупната вредност на стоката што се извезува од ЕУ-28 во остатокот од светот (земји кои не се членки) беше 71% повисока од нивото во 2005 година. Вредноста на извозот од Турција, Босна и Херцеговина и Република Македонија повеќе од двојно се зголеми, додека оние од Србија повеќе од три пати; извозот на стоки од Косово беа повеќе од шест пати повисоки во 2015 година, отколку пред 10 години, додека во Албанија беа речиси 11 пати повисоки. Спротивно на тоа, вредноста на извозот од Црна Гора падна за повеќе од една четвртина во периодот меѓу 2005 и 2015 година.

Во 2015 година, извозот на стоки од ЕУ-28 беше во вредност од 1.791 милијарди евра, додека комбинираната вредност на извозот од седумте земји од проширувањето беше 152 милијарди евра, што е еквивалентно на 8,5% од вкупниот извоз на ЕУ-28.

Извозот од Турција во 2015 година е во вредност од 130 милијарди евра. Како таква, Турција учествува со повеќе од четири петтини (85,2%) од вкупната вредност на извозот од земјите од проширувањето. Србија има втор највисок процент (7,5%), додека третиот најголем удел е од Босна и Херцеговина (3%).

Вкупната вредност на увозот од ЕУ-28 на стоки се зголеми со побавно темпо во споредба со темпото на растот на извозот. Вкупниот пораст беше 46% во вредноста на увозот од ЕУ 28, во периодот меѓу 2005 и 2015 година Сите земји од проширувањето, со исклучок на Босна и Херцеговина, забележа побрз раст на увозот отколку во ЕУ, со увоз најмалку дуплиран во Косово, Република Македонија и Република Турција.

Во 2015 година, увозот на стоки во ЕУ-28 е во вредност од 1.726 милијарди евра, додека комбинираната вредност на увозот во седумте земји од проширувањето беше 223 милијарди евра, што е еквивалентно на 12,9% од вкупниот увоз во ЕУ-28. Кај Турција увезената стока изнесува 187 милијарди евра во 2015 година, и е еквивалентна на 83,6% од вкупната вредност на увозот од седумте земји од проширувањето. Србија има втор највисок процент 6,5%, додека трет најголем удел е регистриран во Босна и Херцеговина 3,6%.

## 2. ТРГОВСКИ БИЛАНС

ЕУ-28 забележа трговски дефицит на стоки во 2005 година, во вредност од 134 милијарди евра. Сепак, како извозот се зголемуваше со побрзо темпо од увозот, трговскиот биланс на ЕУ покажа позитивен пресврт во 2012 година, која позитивна насока продолжи и во текот на периодот од 2013-2015 година, со што трговскиот суфицит во ЕУ-28 достигна 64 милијарди евра. Ниту една од земјите на проширувањето не регистрира трговски суфицит на стоки во 2005 или 2015 година.

Заедно, овие седум земји бележат трговски дефицит од 48 милијарди евра во 2005 година, кој се зголеми на 71 милијарди евра до 2015 година. Во периодот од 2005 и 2015 година, големината на турскиот трговски дефицит се зголеми од 35 на 57 милијарди евра.

Оваа тенденција на влошување на трговскиот биланс се повтори и кај поголемиот дел од земјите од проширувањето, каде Србија и Босна и Херцеговина се единствените исклучоци чии трговски дефицити беа помали во 2015 година отколку во 2005 година. Трговскиот дефицит, во Црна Гора е три пати повисок во 2015 година, од истиот во 2005 година, додека дефицитот во Косово двојно се зголеми во текот на овој 10 годишен период.

Уште еден показател кој може да се користи во анализата на релативната важност на меѓународната трговија со стоки е вредноста на извозот и / или увоз изразен во однос на бруто домашниот производ (БДП) – графикон 10.

*Напомена: вредностите на извозот и увозот кои се користат во оваа пресметката се врз основа на податоците од националните сметки, а не статистички податоци за меѓународната трговија на стоки, и тие може да се разликуваат од методолошки причини.

## 3. ИЗВОЗ НА СТОКИ

ЕУ-28 во 2015 година учествува со 31,8% од БДП, додека увозот е скоро на приближно ниво 29,8% од БДП; (напомена: овие податоци ја вклучуваат и трговијата меѓу земјите-членки на ЕУ). Учеството на извозот на стоки во однос на БДП беше малку над просекот на ЕУ-28 во Србија 33,9% и Република Македонија 33,5%, но значително помало во Албанија (2014 податоци), Црна Гора и Косово ( 2014 податоци), каде што вредноста на извозот е помал од 10% од БДП.

Во зависност од достапноста на податоците (не се достапни информации за Турција и за Босна и Херцеговина), сите земји од процесот на проширување се поотворени за увозот одколку ЕУ-28; ова е особено случај за некои од помалите економии. Вредноста на увозот на стоки во земјите од проширувањето се движи од 31,6% од БДП во Албанија (2014 податоци) до 53,7% од БДП во Република Македонија во 2015 година, а структурата на придонесот на трговското салдо во БДП во текот на 2005-2015 година, со влијанието на трговијата со стоки, чија фракција од БДП е релативно стабилна во ЕУ-28 и во повеќето земји од процесот на проширување.

Во 2015 година, трговскиот суфицит на ЕУ-28 со стоки е еднаков на 2% од БДП, додека дефицитот за трговијата со стоки меѓу земјите од проширувањето се движи од 6,4% од БДП во Турција на 40,3% од БДП во Црна Гора. Помеѓу 2005 и 2015 година (според достапноста на податоците), имаше обично многу мали промени во трговскиот биланс на стоки во однос на БДП; главниот исклучок е Србија, каде што трговскиот дефицит како дел од БДП се намали од -19,5% во 2005 на - 11,9% до 2015 година.

**Графикон 10: Меѓународна трговија на стоки, 2015 (% од БДП)**




*Извор:Eurostat*

## 4. СТРУКТУРАТА НА ТРГОВИЈАТА АНАЛИЗИРАНА ПО ШИРОКИ ГРУПИ НА ПРОИЗВОДИ

Машините и возилата се најголем дел од стоките што се извезува од ЕУ-28 во 2015 година, со учество од 42% во вкупниот извоз.

Ова беше значително повисоко од учеството евидентирано за други готови производи 22,5% и хемикалии 17,6%, додека учеството на секоја од останатите категории на стоки, изнесува помалку од 10% во вкупниот извоз во ЕУ-28.

**Другите готови производи** имаат најголемо учество во вкупниот извоз во секоја од земјите од проширувањето во 2015 година. Овие производи изнесуваат повеќе од половина од сите произведени добра кои се извезуваат од Албанија, Косово и Босна и Херцеговина, учеството,

кое падна на малку повеќе од две петтини од вкупниот извоз на Турција, како и над една третина од вкупниот извоз на Република Македонија, Црна Гора и Србија. Учеството на категоријата други готови производи во вкупниот извоз беше постојано поголем кај земјите од проширувањето отколку од нивниот соодветен дел од вкупниот извоз на ЕУ-28 (22,5%).

Република Македонија е единствената земја од проширувањето која прикажа дека извозот на хемикалиите изнесува повеќе од една десетина од вкупниот извоз во 2015 година, чие учество се зголеми на 22,8% (кој беше над соодветниот удел регистриран во ЕУ-28 од 17,6%).

Албанија забележа релативно висок процент 18,1% од вкупниот извоз во 2015 година на минералните горива, мазива и стоки. Албанија и Босна и Херцеговина се единствените земји од проширувањето кои прикажаа дека учеството на храна, пијалаци и тутун во вкупниот извоз е помал од 10%, но секое од нивното учество остана само над просекот забележан за ЕУ-28 од 6,3%.

**Табела 13: Извоз по поширока група на производи за 2015 (% од вкупниот извоз)**

| | Храна, пијалоци и тутун | Полуфабри-кати | Минерални горива, лубриканти и придружни добра | Хемикалии | Машини и возила | Други производствени добра | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 6,3 | 2,4 | 4,8 | 17,6 | 42 | 22,5 | 4,4 |
| **Црна Гора** | 16,7 | 20,2 | 14,8 | 4,1 | 9,5 | 34,7 | 0 |
| **Македонија** | 11,1 | 5,3 | 1,2 | 22,8 | 24,7 | 35 | 0 |
| **Албанија** | 6,9 | 9,1 | 18,1 | 1,2 | 4,5 | 60 | 0,2 |
| **Србија** | 19,5 | 4,8 | 2,8 | 8,6 | 28,6 | 34,3 | 1,5 |
| **Турција** | 10,8 | 3,2 | 3 | 5,8 | 27,3 | 43,4 | 6,6 |
| **БиХ** | 7,2 | 12,2 | 7 | 7,1 | 14,6 | 50,3 | 1,6 |
| **Косово** | 12,3 | 17,2 | 6,5 | 4 | 4,3 | 54,2 | 1,5 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

## 5. УВОЗ

Машини и возила 31%, други индустриски производи 26,1% и минералните горива, мазива и сродни производи од 19,0% се со најголемо учество во увезените стоки во ЕУ-28 во 2015 година; следната најобемна група на увезени добра била групата на хемикалиите од 10,7%. Што се однесува до извозот, категоријата на други индустриски производи генерално има најголем удел во увозот меѓу земјите за проширување (табела 14). Овие производи обично изнесуваат од една четвртина до една третина во вкупниот увоз во 2015 година. Имаше два исключоци: во Турција учеството на другите индустриски производи е релативно ниско од 23,4%, додека учеството на увозот на машини и возила од 31,6% беше многу повисоко. Во Република Македонија, категоријата на други произведени добра се со особено високо учество во увозот од 42,2%.

Табелата 15 го покажува трговскиот биланс за избрана група на производи во 2015 година. Во ЕУ-28, највисок трговски суфицит е забележан за машините и возилата (218 милијарди евра), додека вишок, исто така, беше реализиран и кај хемикалиите (130 милијарди евра), други стоки (31 милијарда евра) и храна, пијалаци и тутун (5 милијарди евра). Спротивно на тоа, дефицит беше покажан кај суровините и материјалите (29 милијарди евра), другите индустриски производи (48 милијарди евра) и минералните горива, мазива и стоки (243 милијарди евра).

**Табела 14. Увоз по поширока група на производи за 2015 (% од вкупниот извоз)**

| | Храна, пијалоци и тутун | Полуфа-брикати | Минерални горива, лубриканти и придружни добра | Хемика-лии | Машини и возила | Други произво-дствени добра | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 6,3 | 4,2 | 19 | 10,7 | 31 | 26,1 | 2,7 |
| **Црна Гора** | 24,3 | 3,2 | 10,8 | 10,5 | 22,1 | 29 | 0 |
| **Македонија** | 10,6 | 4,2 | 10,9 | 11,9 | 20,2 | 42,2 | 0,1 |
| **Албанија** | 16,3 | 3,6 | 10,1 | 11,8 | 21 | 36,7 | 0,5 |
| **Србија** | 9 | 5 | 13,3 | 17,2 | 25,8 | 29,7 | 0,1 |
| **Турција** | 3,5 | 6,9 | 6,9 | 13,9 | 31,6 | 23,4 | 13,7 |
| **БиХ** | 16,6 | 3,8 | 13,5 | 13,1 | 20,5 | 32,4 | 0,1 |
| **Косово** | 22,7 | 3,4 | 12,8 | 11,9 | 17,7 | 31,4 | 0,2 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

**Табела 15: Обем на стокова размена по поширока група на производи за 2015, (во милиони евра)**

| | Храна, пијалоци и тутун | Полуфа-брикати | Минерални горива,лу-бриканти и придружни добра | Хемика-лии | Машини и возила | Други произво-дствени добра | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕУ-28** | 5.180 | -28.809 | -243.166 | 129.889 | 218.044 | -47.641 | 30.671 |
| **Црна Гора** | -394 | 5 | -152 | -181 | -378 | -425 | 0 |
| **Македонија** | -160 | -27 | -580 | 235 | -166 | -1.023 | -5 |
| **Албанија** | -513 | 16 | -78 | -438 | -738 | -387 | -16 |
| **Србија** | 938 | -173 | -1.596 | -1.508 | -450 | -360 | 165 |
| **Турција** | 7.508 | -8.843 | -9.071 | -18.442 | -23.614 | 12.570 | -17.089 |
| **БиХ** | -1.009 | 250 | -773 | -739 | -991 | -315 | 67 |
| **Косово** | -557 | -34 | -316 | -300 | -453 | -651 | 1 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

Меѓу земјите од проширувањето беше вообичаено да се согледа дека само една од групите на производите имаше трговски суфицит во 2015 година. Ова беше случај кај суровините во Црна Гора и во Албанија, хемикалиите во Република Македонија, како и за другите стоки во Косово. Имаше две групи на производи во Србија и Турција, која забележа трговски вишоци, во секој случај една од овие две групи се храна, пијалаци и тутунски производи.

## 6.ТРГОВИЈА МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И ЕУ-28

Поради нивната географска близина, не е за изненадување да се констатира дека ЕУ е еден од главните партнери на земјите од процесот на проширување.

Графиконот 11 ја покажува релативната важност на ЕУ-28 како трговски партнер во 2015 година. Околу три четвртини од вкупниот извоз на Албанија и Република Македонија, е кон ЕУ-28.
Со Босна и Херцеговина прикажан е малку помал процент од 71,6%. Нешто повеќе од две третини од вкупниот извоз од Србија бил наменет за ЕУ-28, како што беа повеќе од две петтини од извозот од Турција. Извозот на Црна Гора и Косово кон ЕУ-28 изнесува блиску до една третина од нивниот вкупен извоз.

Во 2015 година, околу три петтини од целиот увоз од страна на Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина и Србија потекнува од ЕУ-28. Овие четири земји имаат највисока склоност за увоз на стоки од ЕУ-28, а поблиску до две петтини од вкупниот увоз во Косово, Црна Гора и Турција потекнува од ЕУ-28.

Табелата 16 прикажува информации за меѓународната трговија на протокот на стоки меѓу ЕУ-28 и земјите од проширувањето за периодот 2005 и 2015 година. Вкупната вредност на извозот од земјите од проширувањето кон ЕУ-28 е 73 милијарди евра во 2015 година, додека стоката што се увезува од ЕУ-28 во земјите од проширувањето е во вредност од 92 милијарди евра.

Извозот од земјите од проширувањето кон ЕУ-28 вкупно се зголеми за 90,3% ,во периодот меѓу 2005 и 2015 година, додека увозот од ЕУ-28 се зголеми за 70,6%.

### Графикон 11: Меѓународна трговија со ЕУ-28, 2015 (% на учество во вкупниот извоз и увоз)




*Извор:Eurostat*

Турција учествува со повеќе од три четвртини од стоката што се извезува 78,7% и увезува 77,1% од ЕУ-28, и исто така има и најголем трговски дефицит на стоки со ЕУ-28 од 13,3 милијарди евра во 2015 година. Следните најголеми трговски дефицити на стоки се регистрирани во Косово, Албанија и Босна и Херцеговина во опсег од 1 до 1,6 милијарди евра.

Во 2015 година, стапката на покриеност во трговијата со стоки меѓу земјите од проширувањето и ЕУ-28 беше постојано под 100%, истакнувајќи дека секоја од овие земји имаше трговски дефицит со ЕУ-28. Црна Гора и Косово забележа најниска стапка на покриеност во однос на другите земји за проширување во трговија со стоки со ЕУ-28 во 2015 година, од 14,9% и 9,5%, соодветно; со други зборови, вредноста на стоката што се увезува во Косово со потекло од ЕУ-28 е околу 10 пати поголема од вредноста на извозот од Косово кон ЕУ-28. Највисок сооднос на покриеност е регистриран во Србија, со 92,8%, додека над 50% се регистрирани во другите земји за проширување.

**Табела 16: Обем на трговска размена со ЕУ-28, 2005 и 2015 година (во милиони евра)**

| | Извоз кон ЕУ-28 | | Увоз од ЕУ - 28 | | Обем на стокова размена со ЕУ-28 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2005 | 2015 | 2005 | 2015 | 2005 | 2015 |
| **Црна Гора** | 253 | 113 | 470 | 760 | -218 | -647 |
| **Македонија** | 1.001 | 3.126 | 1.484 | 3.586 | -483 | -460 |
| **Албанија** | 120 | 1.303 | 1.495 | 2.398 | -1.007 | -1.094 |
| **Србија** | 2.036 | 7.672 | 4.800 | 8.266 | -2.764 | -594 |
| **Турција** | 33.341 | 57.637 | 42.266 | 70.893 | -8.925 | -13.255 |
| **БиХ** | : | 3.291 | : | 4.930 | : | -1.639 |
| **Косово** | 19 | 106 | 478 | 1.113 | -459 | -1.007 |

*Извор:Eurostat*

(:) Не постојат податоци или нивната вредност е незначителна за да биде прикажана

**Графикон 12:  Покриеност во трговијата со стоки со ЕУ-28, 2005 и 2015, (во %)**




*Извор:Eurostat*

# IV. БИЗНИС КЛИМА

## 1. ИНДЕКС НА ИНДУСТРИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

Индексот на индустриското производство во почетокот на глобалната финансиска и економска криза имаше остра контракција на индустриската активност во ЕУ-28. Во 2009 година, индексот на индустриското производство во ЕУ-28 опадна за 13,8%, додека делумно почна да се опоравува во 2010 година (+6,7%) и 2011 година (+3,2%), за потоа да биде следен уште еднаш со намалување на производството од 2,1% во 2012 година и од 0,5 % во 2013 година, пред да се врати на раст во 2014 година (1,2%) и забрзан раст во 2015 година (2,2%).

Далеку најголема контракција на индустриската активност во 2009 година меѓу земјите од проширувањето е забележана во Црна Гора, каде индексот на индустриското производство падна за речиси една третина; ова е единствената земја од проширувањето со прикажана криза во активностите од поголеми размери.

Имаше, сепак, значително намалување на индустриската активност во 2009 година во сите освен една од земјите, кои се движат од -12,6% во Србија до -6,5% во Босна и Херцеговина. Спротивно на тоа, во Албанија забележана е значителна експанзија во индустриското производство во 2009 година каде индексот на производство се зголеми за 17,5%.

Можно е да се проценат ефектите од кризата со споредување на нивото од пред кризата, односно на производство во 2008 година, со најновите достапни податоци, имено, индексите на индустриското производство за 2015 година.

Црна Гора е земја која најмногу е погодена од кризата во текот на овој период, бидејќи нејзиниот индекс на индустриското производство остана 29,7% понизок во 2015 отколку што беше во 2008 година. Србија, исто така, објави дека нивото на индустриското производство не успеа да се опорави од нивото пред кризата, со индустриското производство за 5,3% пониско во 2015 отколку што беше во 2008 година, а за споредба, индустриското производство во ЕУ-28 остана за 4,4% пониско во 2015 отколку што беше во 2008 година.

Спротивно на тоа, нивото на индустриското производство во 2015 година беше повисоко од пред кризата во Албанија, Турција, Босна и Херцеговина и Република Македонија. Индустриското производство во Република Македонија е 2,5% повисоко во 2015 година отколку што беше во 2008 година, каде производството се зголеми меѓу 2012 и 2015 година, а во Босна и Херцеговина е за 4,2% повисоко, со пораст во секоја година освен во една помеѓу 2010 и 2015.

Првичното влијание на кризата беше доста нагласено во Турција, бидејќи индустриското производство опадна за нешто повеќе од 10% во 2009 година. Сепак, имаше веднаш опоравување во 2010 година, кога беше забележан раст од 12,4%. Потоа, беа остварени едноцифрени стапки на раст, така што до 2015 година индексот на индустриското производство во Турција беше 24,8% повисок отколку што беше во 2008 година.

Како што е наведено погоре, Албанија беше исклучок од општиот модел на опаѓање на производството во 2009. Всушност, нејзиниот индекс на индустриското производство беше релативно имун на кризата, со зголемувањето на производството во секоја година во текот на целиот период, иако со поскромен раст во последните години. Индустриското производство во

Албанија е со околу три пати повисоко во 2015 година, од истото во 2005 година, и е речиси двојно повисоко во 2015 година, од истото што беше на почетокот на кризата во 2008 година.

## 2. ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Еден од клучните движечки сили во развојот на индексите на цените на производителите на индустриските производи е глобалната побарувачка за енергетските ресурси, особено, на суровата нафта. Всушност, во последниве години, цената на нафтата осцилираше многу повеќе од цената на многу други производи и ова имаше директно влијание на трошоците со кои се соочуваа производителите во низата индустриски активности, бидејќи осцилацијата на цената на нафтата се пренесува на производна линија преку меѓусебно поврзани активности. Врвот на цената на суровата нафта во 2008 година кој се совпадна со најголем пораст на цените на индустриските производи во ЕУ-28. На сличен начин, падот на глобалната побарувачка по почетокот на финансиската и економската криза, заедно со падот на цените на нафтата, доведе да во ЕУ-28 цените на производителите на индустриските производи опаднаа за 4,2% во 2009 година. Во 2010 година, забележаа раст од 3,1%, како и забрзан раст во 2011 година од 6,1%. После тоа, зголемувањето на цените забави, а во 2013 година немаше целокупна промена на истите, да во 2014 и 2015 година повторно се забележа намалување.

Анализа на развојот на цените на производителите на индустриските производи во земјите од проширувањето во периодот меѓу 2009 и 2015 година покажува дека цените во Албанија се намалиле за 1,1%. Во Црна Гора, развојот цените на производителите на индустриските производи беше идентичен како во ЕУ-28, со вкупен раст од 7,2%.

Спротивно на тоа, цените се зголемија со побрзо темпо во Република Македонија отколку во ЕУ-28 (вкупно за 21,9%), а со многу побрзо темпо во Србија и Турција, каде што цените се зголемија од 42,3% и 55% во периодот помеѓу 2009 и 2015 година.

*****************************